



# АНАЛИЗА ЗА ТРОШОЦИ КАКО РЕЗУЛТАТ НА СЕМЕЈНОТО НАСИЛСТВО

**Автори:**

Јасминка Фришчиќ

Стојан Мишев

Борјан Павловски

Делфина Тодоровска

**Консултант и уредник:**

Debbie Budlender

Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените - ЕСЕ
2024

KVINNA KVINNA

Оваа публикација е целосно или делумно финансирана од Шведската агенција за меѓународна развојна соработка (SIDA) и Kvinna till Kvinna. SIDA и Kvinna till Kvinna не мора да се согласуваат со изразените мислења. Авторот е единствено одговорен за содржината.

## ВОВЕД

Семејното насилство не само што предизвикува физички и емоционални трауми, туку и значителни економски последици за жените кои често се занемаруваат. Жените што претрпеле семејното насилство се соочуваат со долготрајни финансиски тешкотии дури и по напуштањето на насилната заедница. Овие трошоци вклучуваат загубени приходи, здравствени трошоци, трошоци за преселба и други видови на трошоци. Финансискиот товар често ги оневозможува жените да ги задоволат своите и потребите на своите деца, дополнително зајакнувајќи ја нивната економска зависност и ограничувајќи го нивното целосно закрепнување.

Овој извештај ги анализира различните финансиски трошоци што ги претрпеле 52 жени жртви на семејно насилство, кои се кориснички на Центарот за правна помош на ЕСЕ. Преку структуирани интервјуа, студии на случаи и анализа на секундарни податоци, извештајот ја нагласува економската димензија на семејното насилство и итната потреба од системски мерки. Со решавање на овие предизвици, можеме да обезбедиме не само заштита на жените од идно насилство, туку и нивна економска стабилност и благосостојба на нивните деца.

# 1. ЗАБРАНИ, ГУБЕЊЕ РАБОТА И ОГРАНИЧЕНИ МОЖНОСТИ ЗА НАПРЕДУВАЊЕ НА ЖЕНИТЕ

Економските последици од семејното насилство имаат далекусежно влијание врз жените, особено во однос на нивната позиција на пазарот на труд и вработувањето. Овие последици вклучуваат невработеност, губење на работни места, намалена продуктивност и пропуштени можности за напредување во кариерата. Жените кои доживуваат семејно насилство често се соочуваат со значителни трошоци, како резултат на нарушени работни капацитети, неможност да ја задржат работната позиција или да остварат професионален напредок.

**Забрана за работа.** Забраната за работа е форма на економско насилство кое има негативно влијание врз жените, бидејќи им ја одзема финансиската независност и ги става во зависност од партнерот. Ова ограничување не само што ги спречува да ги остварат своите професионални цели, туку и ја нарушува нивната самопочит и личен развој. Особено е загрижувачко тоа што дури 80% од жените биле спречени да работат од своите партнери. Жените кои се покориле на забраната за работа се соочуваат со економска зависност и социјална маргинализација, додека жените кои работеле и покрај забраната, развиле поголема отпорност и независност, што им овозможува поголема лична и финансиска стабилност. Жените кои се покориле на забраните најчесто остануваат долгорочно невработени или работат во неформалниот сектор со ниски примања. Вкупните загубени приходи за оваа група изнесуваат 4.627.935 МКД, со просечна загуба од 220.378 МКД по жена. Спротивно на тоа, жените кои се спротивставиле на забраните за работа, и покрај дополнителните ризици од насилство, често успеваат да ја задржат или зголемат својата економска независност, со просечни приходи блиски до националниот просек од 37.100 МКД.

**Губење на работа.** Жените што претрпеле семејно насилство често се соочуваат со тешкотија во задржувањето на своето работно место, бидејќи физичкиот и емоционалниот стрес што го носи насилството може да има сериозно влијание на нивната професионална ефикасност и благосостојба. Дури 42% од жените ги изгубиле своите работни места како последица на семејното насилство. Ова резултира со вкупна загуба од 3.979.197 МКД, со просечна загуба од 180.872 МКД за засегнатите жени. Губењето на работа ги принудува жените на финансиска нестабилност, долгорочна невработеност и намалени можности за враќање на пазарот на труд. Жените кои биле спречени да работат од своите партнери покажуваат уште поголема ранливост, бидејќи губењето на работа дополнително ги ограничува нивните економски опции.

**Отсуство од работа.** Отсуството од работа како резултат на семејното насилство има сериозни економски последици за жените, бидејќи нарушува нивната способност да генерираат приходи и да ја одржуваат финансиската стабилност. Периодите на отсуство, било поради физички или психолошки последици од насилството, често доведуваат до намалена продуктивност и загубени приходи, што ја зголемува економската зависност од партнерот или други лица. Жените кои се вработени често се соочуваат со дополнителни трошоци поради отсуства од работа поврзани со насилството. Во последната година, 42 жени имале вкупно 942 дена отсуство, вклучувајќи платено боледување, годишни одмори и неплатено отсуство. Овие отсуства резултирале со вкупни загуби од 670.042 МКД, или 12.885 МКД во просек по жена. Отсуствата не само што доведуваат до намалени примања, туку влијаат и на продуктивноста и можностите за напредување.

**Изгубени можности за напредување во кариерата.** Покрај директните трошоци, жените кои претрпеле семејно насилство се соочуваат со сериозни индиректни последици кои имаат долгорочен ефект на нивната економска благосостојба и го ограничуваат нивниот потенцијал за професионален развој. Пропуштените можности за напредување и намалената продуктивност на работното место резултираат со значителни финансиски губитоци. Примерите на девет жени кои пријавиле изгубени можности за напредување покажуваат вкупна загуба од 928.000 МКД, што ги доведува до финансиски тешкотии и ја ограничува нивната можност за остварување професионален успех. Дополнително, паричните казни што ги претрпеле две жени поради намалената продуктивност само ја зголемуваат нивната економска нестабилност.

## Клучни сознанија и препораки

**Поддршка за вработување.** Жените што претрпеле семејно насилство се соочуваат со долгорочна невработеност и недоволни вештини за повторно вработување. Потребно е да се воведат специјализирани програми за економско зајакнување, кои ќе вклучуваат обуки, советување и менторство.

**Прилагодливи работни услови.** Нефлексибилните работни услови и недостатокот на политики за отсуство им оневозможуваат на жените ефективно да ги балансираат потребите за закрепнување со професионалните обврски. Потребно е обезбедување на флексибилни работни услови, како работа од дома, скратено работно време и политики за платено отсуство за жените.

**Финансиска поддршка за транзиција.** Жените честопати немаат стабилни приходи по напуштањето на насилната заедница. Обезбедувањето на привремена финансиска поддршка како редовна помош ќе придонесе за економското стабилизирање на жените.

**Целосна интеграција во програмите за вработување.** Постоечките програми за вработување не ги опфаќаат специфичните потреби на жените што претрпеле семејно насилство. Потребно е да се ревидираат критериумите за мерките за вработување и да се овозможи пристап за жртвите, независно од нивната регистрација како невработени.

## 2. ФИНАНСИСКИОТ ТОВАР ВРЗ ЗДРАВЈЕТО НА ЖЕНИТЕ

Анализата на здравствените трошоци за жени кои преживеале семејно насилство открива длабоки финансиски предизвици, особено за неосигурените жени. Овие жени се соочуваат со огромен финансиски товар, кој во многу случаи го надминува нивниот месечен приход. Најголемите трошоци се поврзани со лекови и хоспитализации, додека примарната здравствена заштита и психолошката поддршка претставуваат помали, но значајни ставки.

Лековите претставуваат речиси половина (48%) од вкупните здравствени трошоци, со просечен износ од 4.824 денари по жена. Хоспитализациите се на второ место, со 21% од трошоците, каде што неосигурените жени трошат дури 25.000 денари во просек, наспроти 2.422 денари кај осигурените. Овие трошоци ја нагласуваат критичната улога на здравственото осигурување.

Примарната здравствена заштита, која вклучува посети кај матичен лекар и итна помош, сочинува 19% од вкупните трошоци. Просечните трошоци за овие услуги кај неосигурените жени се двојно повисоки во споредба со осигурените. Психолошката поддршка, иако клучна за закрепнувањето, останува ограничена, бидејќи трошоците ја спречуваат долгорочната корист.

**Табела:** Просечни здравствени трошоци по намена за осигурени и неосигурени жени

| Категорија | Осигурени (просек по жена, МКД) | Неосигурени (просек по жена, МКД) |
|---|---|---|
| Лекови | 403 | 6.875 |
| Примарна здравствена заштита | 1.064 | 2.163 |
| Психолошка поддршка | 585 | 740 |
| Хоспитализација | 2.422 | 25.000 |

Финансискиот товар врз неосигурените жени е алармантен, со трошоци кои достигнуваат до 147% од нивниот месечен приход. Споредбено, осигурените жени трошат 17% од приходот за здравствени услуги. Оваа разлика јасно ги покажува системските недостатоци кои ја влошуваат ситуацијата на најранливите жени.

Владата на Северна Македонија обезбедува поддршка за жртвите на семејно насилство преку еднократна финансиска помош и здравствени програми. Еднократната помош, предвидена со Законот за социјална заштита, дозволува до 12.000 МКД за здравствени потреби, но од 52 жени опфатени во истражувањето, само 8 ја добиле оваа поддршка. Оваа неефикасност се должи на приоритет за физички повреди, занемарување на психолошките потреби и нееднаква распределба според приходи и здравствен статус, при што неосигурените жени остануваат најмалку поддржани.

Здравствените програми, како што се Програмата за активна здравствена заштита на мајки и деца (2023–2024) и Програмата за ослободување од партиципација за одредени болести и за здравствена заштита на мајки и доенчиња (2023–2024), нудат бесплатни медицински услуги и ослободување од партиципација. Сепак, искористеноста е ниска – во 2023 година биле искористени само 23.502 МКД од планираните 180.000 МКД за бесплатни прегледи на една од програмите. Овие податоци укажуваат на потребата од подобрување на пристапот и информираноста, за да се обезбеди ефективна поддршка за жртвите на семејно насилство.

## Државата и товарот на здравствените трошоци за жртвите на семејно насилство

Четири студии на случаи ја илустрираат комплексноста и висината на здравствените трошоци што ги сноси државата во случаи на семејно насилство. Жените претрпеле различни повреди, како абдоминални трауми, фрактури, исекотини и истегнувања, што барале хоспитализација, специјалистички консултации, дијагностички тестови и психолошка поддршка. Вкупните трошоци за овие случаи се движеле од 33,203 до 47,253 МКД. Државата ги покрила овие трошоци, но примерите покажуваат дека е потребен значителен обем на ресурси за третман на комбинирани физички и психолошки повреди, со дополнителен финансиски товар за неосигурените жени.

## Клучни сознанија и препораки

**Трошоци за лекови и хоспитализации.** Лековите и хоспитализациите се најголем финансиски товар за жртвите, особено за неосигурените.

Потребно е проширување на листата на рефундирани лекови и намалување на партиципациите.

**Здравствено осигурување.** Иако Законот за здравствено осигурување гарантира право на осигурување за жртвите, нема подзаконски акти за негово спроведување. Потребни се законски измени и дополнувања за да се овозможи пристап до задолжителното осигурување.

**Ментално здравје.** Психолошката поддршка е недостапна за многу жртви поради високите трошоци. Вклучувањето на психолози во државната здравствена мрежа би овозможило бесплатни услуги.

**Еднократна финансиска помош**. Само 8 од 52 жени добиле финансиска помош, а жртвите со психолошки последици останале без поддршка. Потребна е ревизија на практиката за доделување на овој вид на помош.

**Здравствени програми.** Програмите за ослободување од партиципација имаат ниска искористеност поради административни бариери и недостаток на информации. Потребно е проширување на опфатот на услуги и укинување на барањата што можат да ги ограничат жените во остварување на овие предвидени можности.

## 3. ВЛИЈАНИЕТО НА ТРОШОЦИТЕ ЗА СЕЛИДБА ВРЗ ЕКОНОМСКИТЕ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ

Релокациските трошоци претставуваат значителен финансиски товар за жените жртви на семејно насилство, бидејќи преместувањето во ново место за живеење често е неопходно за обезбедување безбедност и стабилност. Од 52 жени вклучени во истражувањето, 75% (39 жени) се преселиле, додека 25% останале во истото место на живеење поради недостаток на финансиски ресурси. Еднократните трошоци за релокација, како купување мебел и административни такси, изнесуваат вкупно 511.500 МКД (просечно 34.100 МКД по жена). Повторливите трошоци, вклучувајќи месечна рента и транспорт, достигнуваат 855.100 МКД годишно, со просечен износ од 65.777 МКД по жена.

Поддршката од примарното семејство игра значајна улога во намалување на релокациските трошоци. Близу половина од жените што се преселиле (46%, или 18 жени) нашле засолниште во домовите на своите родители, избегнувајќи високи трошоци за рента. Жените без семејна поддршка, особено невработените или оние спречени да работат, се соочуваат со најголеми финансиски предизвици, бидејќи трошоците за релокација можат да достигнат и до 187.000 МКД.

### Клучни сознанија и препораки

**Еднократни трошоци.** Жените се соочуваат со високи почетни трошоци за преместување, што бара финансиска поддршка преку субвенции за купување мебел и покривање административни трошоци.

**Еднократни трошоци.** Жените се соочуваат со високи почетни трошоци за преместување, што бара финансиска поддршка преку субвенции за купување мебел и покривање административни трошоци.

**Повторливи трошоци.** Месечната рента и транспорт се најголем товар за жените без поддршка. Потребно е воведување повеќемесечни финансиски програми за овие потреби.

**Независно сместување.** Само мал дел од жените имаат можност за независно сместување. Треба да се воведат долгорочни решенија за домување и поддршка за жртвите.

**Информираност.** Недостатокот на информации ја ограничува употребата на програмите за поддршка. Центрите за социјална работа, во соработка со граѓанските организации, треба да спроведат информативни кампањи и да ги поедностават процесите за аплицирање.

## 4. ФИНАНСИСКА РАНЛИВОСТ И НЕМОЖНОСТ ЗА ПОКРИВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ

Жените кои претрпеле семејно насилство се соочуваат со сериозни финансиски пречки при покривањето на трошоците што произлегуваат од насилството. Скоро две третини од нив (32 од 52) не успеале воопшто да ги надоместат трошоците, додека секоја трета жена делумно ги покрила трошоците, а само 3 жени целосно ги покриле.

Поради невозможноста да ги покријат овие трошоци, скоро сите жени биле принудени да се потпрат на алтернативни извори на финансирање (49 од 52). Најчестиот извор биле банкарските кредити (32 од 49), следени од помошта од родителите (22 од 49) и заеми од пријатели, роднини или наследство. Овие финансиски оптоварувања дополнително ја влошуваат економската состојба на жените.

Овие податоци јасно покажуваат дека мнозинството жени не можат да се справат со финансиските последици од насилството без надворешна помош, што ја истакнува потребата од насочена финансиска поддршка за нивно закрепнување и економско зајакнување.

## 5. НЕДОСТАТОК НА ДРЖАВНА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА

Државната финансиска помош за жртвите на семејно насилство има за цел да го намали економскиот товар, но значителни недостатоци во достапноста и ефикасноста го попречуваат нејзиното користење. Иако Законот за социјална заштита гарантира еднократна финансиска поддршка, само 12 од 52 жени биле информирани за своето право, а само 10 ја искористиле помошта. Жените со најголема финансиска ранливост, како невработените или оние со високи здравствени трошоци, ретко добиваат поддршка – само 3 од 11 невработени жени ја искористиле.

Финансиската помош е исто така неусогласена со реалните потреби, при што само 8 жени добиле поддршка за здравствени трошоци, главно за физички повреди, додека жртвите на психолошко насилство биле исклучени. Од 39 жени кои морале да го променат своето место на живеење, само 2 добиле поддршка за релокација.

### Клучни препораки

**Подобрување на информираноста.** Центрите за социјална работа и граѓанските организации треба да спроведат кампањи за информирање за правото на финансиска помош.

**Воведување долгорочна поддршка.** Финансиската помош треба да ги покрива повторливите трошоци, како рента и сметки.

**Поедноставени процедури.** Да се воведат поедноставени процеси за аплицирање преку соработка меѓу институциите и невладините организации.

АНАЛИЗА ЗА ТРОШОЦИ КАКО РЕЗУЛТАТ
НА СЕМЕЈНОТО НАСИЛСТВО

www.esem.org.mk